Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-420
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Врз основа на член 46 став (7) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ. "бр.5/02) член 34 став 1 точка 42 Од Статутот на Општина Кисела Вода (пречистен текст) сл.Гласник бр.1/2020 година, член 41 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Кисела Вода сл.Гласник на град Скопје бр. 10/2005 година на ___________ седница одржана на ден __.__.2022 година

## ПРЕДЛОГ ДЕЛОВНИК ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНА НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

### Член 1

Во Деловникот за работа на партиципативното тело број------ од 2021 година, објавен во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.  Од 2021 година, во членот 2 ставот три се брише.

### Член 2

Во членот 6 став 5 зборовите „3 (три)“ се заменуваат со зборовите „5 (пет) работни“.

### Член 3

Член 9, став 1, се менува и гласи: „Претседателот на партиципативното тело е од редовите на доброволно пријавените лица за членови на партиципативното тело на Општина Кисела Вода и се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на партиципативното тело, со јавно гласање. “

### Член 4

По членот 10 се додава два нови члена 10-а и 10-б кои гласат:

### „Член 10-а

Првата конститутивна седница на партиципативното тело ја свикува и води Претседателот на претходното партиципативно тело во рок од 7 дена од денот на изборот на членовите на Партиципативното тело.

Доколку Претседателот од претходниот состав не ја свика конститутивната седница во рокот од став 1 од овој член, Партиципативното тело само се состанува

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и**
**просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

15 ден од денот на избор на членовите од страна на Советот на Општината и објавата на Одлуката во Службен гласник на Општина Кисела Вода.

Со седницата раководи најстариот член до избор на Претседател на Партиципативното тело.

На првата конститутивна седница се избира претседател и заменик претседател на партиципативното тело.“

**Член 10-б**

Измени и дополнувања на овој Деловник се врши на ист начин како и неговото донесување.

**Член 5**

Овој деловник влегува во сила со денот на неговото донесување а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

**Број ________**

**од __.__.2022 година**

**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ

НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА,

**Иван Живковски**